24001

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.

Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
БР. 11174
-3. III. 1978 стр 7.

НИЕ ВО СВЕТОТ

# ИЗЛОЖБА НА СОВРЕМЕНО МАКЕДОНСКО СЛИКАРСТВО ВО ГРАЦ

## ИЗЛОЖБАТА ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА НА 10 МАРТ. — ЗАСТАПЕНИ 16 АВТОРИ СО 44 ЕКСПОНАТИ

Уметничките дострели на модерното македонско сликарство наскоро ќе има можност да ги запознае и ликовната публика во соседна Австрија. Имено, на 10 март во Грац ќе биде отворена изложба од творби на наши сликари под наслов „Современи македонски сликари". Организатор на изложбата е Музејот на современата уметност од Скопје во соработка со Републичката комисија за културни врски со странство. Реализацијата, пак, се остварува во рамките на меѓудржавната културна соработка меѓу СР Македонија и Австрија.

За одбележување е и тоа што изложбата има реципрочен карактер. Изложба на современото австриско сликарство ќе уследи кон крајот на месецов. Поточно, се предвидува да биде отворена на 30 март во Скопје. На изложбата, пак, на современото македонско сликарство ќе бидат застапени 16 автори со вкупно 44 експонати.

Нашето модерно сликарство во Грац ќе го претставуваат: Родољуб Анастасов, Ристо Калчевски, Танас Луловски, Петар Мазев, Ѓоко Матевски, Вангел Наумовски, Таки Павловски, Илија Пенушлиски, Душан Перчинков, Александар Ристески, Васко Ташковски, Ана Темкова, Нове Франговски, Глигор Чемерски, Симон Шемов и Тома Шијак. Застапени се уметници од средната, младата и најмладата генерација со еден стилски дијапазон од хиперреализмот преку новата фигуративност, до разновидните аспекти на апстрактната уметност. Изложбата ќе трае до 5 април.